# СОСТОЈБА СО ГРИП/ЗАБОЛУВАЊА СЛИЧНИ НА ГРИП
# СЕЗОНА 2024/2025
**-Завршна информација-**

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија**

# СОДРЖИНА

НЕДЕЛНИ ПОДАТОЦИ ..... 3

*Епидемиолошки надзор* ..... *3*

*Сентинел надзор над САРИ* ..... *4*

*Вирусолошки надзор (рутински+САРИ надзор)* ..... *4*

КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СЕЗОНА 2024-2025 ..... 5

*Епидемиолошки надзор* ..... *5*

Географска дистрибуција ..... 5

Возрасна дистрибуција ..... 6

Временска дистрибуција ..... 7

Смртност асоцирана со грип ..... 7

*Сентинел надзор над САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции)* ..... *8*

*Вирусолошки надзор (рутински+САРИ надзор)* ..... *10*

ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР ..... 11

ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА ..... 11

Што доколку се разболите од грип? ..... 12

ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП ..... 12

ЕВРОПСКИ РЕГИОН ..... 13

## НЕДЕЛНИ ПОДАТОЦИ

### *Епидемиолошки надзор*

Во текот на **20-та недела** од 2025 година (12-18.05.2025), во Република Северна Македонија се пријавени **35 (I=1,9/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, за 30,0% помалку во споредба со претходната недела (n=50).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 20-та недела од минатата сезона (n=60) е за 41,7% помалку, а во споредба со бројот за 20-та недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 14 сезони) (n=30), зголемен е за 17,6%. *(Графикон 1)*

Пријавената инциденца е во рамките на вон-сезонска активност на вирусот на грип. *(Графикон 1)*

***Графикон 1.*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2024, сезона 2023/2024 и сезона 2024/2025*




Во однос на возрасната дистрибуција, 27 лица се на возраст од 15-64 години и 8 лица се на возраст над 65 години, каде се регистрира и највисока инциденца од 2,5/100.000.

Заболените се пријавени од 5 ЦЈЗ/ПЕ, Гостивар – 18, Тетово - 7, Скопје – 6, а Охрид и Македонски Брод пријавени се по 2 случаи.

Во текот на оваа недела, не е регистриран смртен случај асоциран со грип.

## *Сентинел надзор над САРИ*

Од сентинел местата кои учествуваат, во 20-та недела пријавени се вкупно 17 САРИ случаи, од сентинел САРИ местата во Скопје (без УК за инфективни болести и фебрилни состојби) и Штип. Најголем број на САРИ случаи (n=10; 62,5%), се пријавени од УК за респираторни заболувања кај деца - Козле.

Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=11) се пријавени од возрасната група од 0-4 години.

Во оваа недела, вкупен број на приеми во сентинел местата е 172 и не е регистрирано лице на интензивна нега. Од сите приеми, 9,9% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување се бележи кај возрасната група од 0-4 години.

## *Вирусолошки надзор* *(рутински+САРИ надзор)*

Во текот на 20-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 14 материјали од рутинскиот (n=5) и сентинел САРИ (n=9) надзорот за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.

Не се детектирани позитивни резултати за Influenza и SARS-CoV-2.

Не се тестирани примероци за респираторен синцицијален вирус (RSV).

## КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СЕЗОНА 2024/2025

### ***Епидемиолошки надзор***

**Во сезоната 2024/2025** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **26.040 (I=1.417,8/100.000)**.

Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=15.171), бројот на пријавени случаи е зголемен за 71,6%, а во однос на моделот од последните 14 сезони (n=20.990) се регистрира зголемување од 24,1%.

Кумулативно, заболените се пријавени од дваесет и девет ЦЈЗ/ПЕ.

### Географска дистрибуција

Најголем број на заболени лица се регистрирани во Скопје (n=7.030; 27,0%), Куманово (n=2.243; 8,6%), Битола (n=1.796; 6,9%), Струмица (n=1.776; 6,8%), Тетово (n=1.573; 6,0%), Кавадарци (n=1.546; 5,9%), Гостивар (n=1.334; 5,1%), Штип (n=1.167; 4,5%) и Дебар (n=1.062; 4,1%) (Графикон 2) (Табела 1 во Прилог).

Највисока кумулативна инциденца од 5.550,9/100.000 жители е регистрирана во Дебар. Повисока инциденца над 2.000,0/100.000 жители, регистрирана е во Кратово, Свети Николе, Кавадарци, Ресен, Радовиш, Штип и Струмица (Графикон 2) (Табела 1 во Прилог).

***Графикон 2***. *Дистрибуција на случаите сезонски грип по ЦЈЗ/ПЕ и инциденца на 100.000 жители, сезона 2024/2025*



**<u>Возрасна дистрибуција</u>**

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 14.958 случаи (57,4%), а највисока инциденца (3.099,8/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=2.992). (Графикон 3)

***<u>Графикон 3</u>**. Дистрибуција на случаи и инциденца на 100.000 жители од сезонски грип по возраст, сезона 2024/2025*




Доколку се анализира бројот на заболени лица по недели, се забележува дека во најголем дел од сезоната, доминира застапеноста на најмладите, децата од 0-4 и 5-14 години. (Графикон 4)

***<u>Графикон 4</u>**. Неделна дистрибуција на случаите сезонски грип по возрасни групи - инциденца на 100.000 жители, сезона 2024/2025*



## Временска дистрибуција

Оваа сезона се карактеризира со поголем број на заболени лица во споредба со 14-годишниот модел. Бројот на регистрираните случаи на грип/заболувања слични на грип, го достигна пикот во 5-та недела од 2025 (n=3.036), две недели порано од очекуваното согласно МЕМ моделот.

Анализата на бројот на заболени од сезонски грип по месеци, укажува на постепен пораст на заболените и достигнување врв во месец февруари 2025 година (n=11.210).

Од вкупниот број на заболени лица во сезоната 2024/2025, во текот на 2024 година, се регистрирани 1.024 лица или 3,9%. Останатите 96,1% или 25.016 лица се регистрирани во 2025 година.

***Графикон 5***. *Дистрибуција на случаи на сезонски грип по месеци, сезона 2024/2025*




## Смртност асоцирана со грип

Во текот на сезоната 2024/25 се регистрирани 5 смртни случаи асоцирани со грип.

Починатите се од Скопје (n=3), Свети Николе (n=1) и Радовиш (n=1) и припаѓаат на возрасните групи над 65 години (n=4) и 15-64 години (n=1).

Сите случаи биле починати во болнички услови, со коморбидитети и невакцинирани против грип.

Кај две лица е докажан Influenza A(H1)pdm09, кај две – Influenza AH3 и кај еден случај е докажан Influenza A – несубтипизиран.

## ***Сентинел надзор над САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции)***

Сентинел надзорот се спроведува како дополнување на редовниот систем за надзор над грип и КОВИД-19 во Р. С. Македонија, со цел да се добијат подетални информации во однос на инциденца, интензитет, тип на вируси кои циркулираат и за имплементација на навремени превентивни мерки. Сентинел САРИ надзорот се спроведува во 6 надзорни болници, 5 во Скопје (УК за инфективни болести и фебрилни состојби, УК за детски болести, УК за Пулмоалергологија, ГОБ 8-ми Септември и УК за респираторни заболувања кај деца - Козле) и една во Штип (КБ Штип). Дефиницијата за случај на САРИ според која се спроведува надзорот е усогласена со дефиницијата на случај на СЗО од 2014 година.

Кумулативно, од сентинел местата кои учествуваат, пријавени се вкупно 1.275 САРИ случаи, од кои 20 лица се пријавени на интензивна нега. Најголем број на САРИ случаи (n=472; 37,8%), се пријавени од надзорното место УК за детски болести.

***Графикон 6***. Неделна *дистрибуција на САРИ случаи по САРИ места, сезона 2024/2025*




Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=644; 51,5%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

***<u>Графикон 7</u>****. Дистрибуција на САРИ случаи по возрасни групи и САРИ места, сезона 2024/2025*




Кумулативно, вкупен број на приеми (хоспитализации) во сентинел местата е 7.876. Од сите приеми, 16,2% се должат на САРИ, од кои 20 лица се пријавени на интензивна нега. Доколку се анализира оптовареноста по недели, може да се забележи дека најголемо оптоваување со САРИ, болниците регистрираат во периодот од 5-та до 9-та недела од 2025 година кога оптовареноста се движела од 27,3%-35,2%. (*Графикон 8*)

Најголемо оптоварување од 20,0% се бележи кај возрасната група од 0-4 години.

***Графикон 8****. Оптоварување со САРИ од вкупен број хоспитализации, сезона 2024/2025*




Во текот на сезоната 2024/2025 регистрирани се девет смртни случаи, две лица од возрасната група од 30-64 години и седум лица од возрасната група над 65 години. Кај сите починати се регистрирани коморбидитети. Од вкупно починатите лица, кај четири лица е докажано присуство на вирусот на Influenza, и тоа: кај две лица Influenza A(H3) и по едно лице Influenza A - нетипизирана, и Influenza A(H1)pdm09.

## ***Вирусолошки надзор (рутински+САРИ надзор)***

Во текот на сезоната 2024/2025, во Одделението за вирусологија и молекуларна дијагностика при ИЈЗ, анализирани се вкупно 1.228 хумани материјали од амбулантски и болнички лекувани пациенти добиени од здравствените установи преку рутинскиот и сентинел системот за надзор. Сите пристигнати материјали се тестирани за присуство на инфлуенца вирус, SARS-CoV-2 и/или RSV. (*Табела 1, Графикон 9*)

***Табела 1.*** *Дистрибуција бројот и процентот на позитивни материјали од рутинскиот и сентинел надзор по потекло и вкупно, Р. С. Македонија, 2024/2025*

| Тип и субтип на вирус | Потекло | | Сезона 2024/2025 | |
|---|---|---|---|---|
| | рутински | Сентинел САРИ | број | % |
| **Influenza A** | **87** | **86** | **173** | **60,5%** |
| Influenza A/H1pdm | 15 | 25 | 40 | 23,1% |
| Influenza A/H3 | 64 | 54 | 118 | 68,2% |
| несубтипизирани Influenza A вируси | 8 | 7 | 14 | 8,7% |
| **Influenza B** | **81** | **32** | **113** | **39,5%** |
| Influenza B Victoria | 80 | 32 | 112 | 99,1% |
| Influenza B – неодредена линија | 1 | 0 | 1 | 0,9% |
| **SARS-CoV-2** | **6** | **4** | **10** | **-** |
| **RSV** | **15** | **91** | **106** | **-** |
| RSV-A | 9 | 62 | 71 | 67,0% |
| RSV-B | 6 | 29 | 35 | 33,0% |

Детектирани се 286 позитивни случаи на грип. Регистрирани се 10 позитивни случаи на SARS-CoV-2. Дополнително, регистрирани се 106 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV). *(Табела 1)*

Кај три лица е регистрирана коинфекција на Influenza и RSV, кај едно лице коинфекција на RSV и SARS-CoV-2 и кај две лица коинфекција на Influenza A и Influenza B.

***Графикон 9****. Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2024/2025*



## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Сезоната 2024/2025 се одликува со поголем број на пријавени случаи и повисока инциденца во споредба со просекот (14-годишниот модел), како и повисок процент на позитивност (23,3%) од вкупниот број на тестирани лица во споредба со минатата сезона, кој варираше во текот на неделите со разлики помеѓу рутинскиот и САРИ сентинел надзорот.**

**Прагот на влез во сезоната (вирусолошки), односно процент на позитивност на примероците над 10%, се регистрира од 52-ра недела од 2024 година до 12-та недела од 2025 година. Според епидемиолошките податоци, сезонска активност се регистрира од 4-та недела до 10-та недела од 2025 година. Дискрепанцата меѓу вирусолошките и епидемиолошките податоци, како и високиот процент на позитивност веројатно се должи на намалениот број на тестирани случаи.**

**Додека во првата половина од сезоната доминира Influenza A, во втората половина од сезоната се регистрира доминација на Influenza B вирусот. Во однос на Influenza B во земјата сеуште се регистрира само Influenza B/Victoria. Во однос на Influenza A, оваа сезона се регистрира доминација на Influenza AH3 во споредба со претходната сезона кога се доминираше Influenza A(H1)pdm.**

**Според податоците од САРИ надзорот, бројот на хоспитализации е на пониско ниво споредено со минатата сезона, но повисоко во однос на просекот од претходниот период.**

## ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.
- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.
- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржување физичка и психичка активност, намален стрес.

**<u>Што доколку се разболите од грип?</u>**

Следете ги следните препораки:

- Останете дома и не одете на работа, во училиште или на места каде има многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години или имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

**Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување.** Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- За сезоната 2024/2025, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 70.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 10.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for International Vaccine Initiatives).

  На 21.10.2024 година започна вакцинацијата против сезонски грип. Вакцинацијата се спроведуваше во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници во Скопје се спроведуваше во Институтот за јавно здравје. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвиваше преку веб страната www.vakcinacija.mk.

  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, <u>вакцинирани се вкупно 70.376 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини</u>.
- Дополнителни 2.600 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не припаѓа во горенаведените групи, истите можеа да ги добијат за одреден финансиски надомест, а вакцинацијата се спроведуваше во Центрите за јавно здравје и нивните Подрачни единици.

  Во однос на <u>комерцијалните вакцини</u>, вакцинирани се 1.923 лица.

**Заклучно со 20-та недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 72.300 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 20-та недела 2025 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион на СЗО:

- Стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 1 од 33 земји на Европскиот регион на СЗО.
- Сезоната на грип 2024/2025 година заврши, при што повеќето индикатори за активноста на грип продолжуваат да се намалуваат на меѓусезонски нивоа.
- Позитивноста на RSV во сентинел надзорот се намалува во споредба со пикот достигнат кон крајот на декември.
- Активноста на SARS-CoV-2 бележи зголемување во однос на процентот на позитивност во примарно и секундарно здравство во последните недели, но бројот на регистрирани случаи сеуште е на ниско ниво.

Од 30 земји кои известуваат за интензитет на грип: 2 пријавиле среден или поголем интензитет.

Од 29 земји што известува за географската распространетост на грипот: 7 пријавиле регионална или широко распространета дистрибуција.

Светската здравствена организација (СЗО) на 28.02.2025 ги објави препораките за вирусниот состав на вакцините против грип за сезоната на грип 2025/2026 година на северната хемисфера. Соопштението беше објавено на информативна сесија со цел процена на податоците за циркулирачките вируси и како заклучок дава препораки за вирусите кои треба да бидат вклучени во составот на три и четиривалентните вакцини за наредната сезона. Состанокот се одржува двапати годишно, еднаш за јужната и еднаш за северната хемисфера.

Периодичното ажурирање на вирусите содржани во вакцините против грип е неопходно за вакцините да бидат ефективни поради постојаната еволутивна природа на вирусите на грип, вклучувајќи ги и оние кои циркулираат и инфицираат луѓе.

СЗО препорачува тривалентните вакцини за употреба во сезоната на грип на северната хемисфера 2025/2026 година да го содржат следното:

Вакцини базирани на јајце

- an A/Victoria/4897/2022 (H1N1)pdm09-like virus;
- an A/Croatia/10136RV/2023 (H3N2)-like virus; и
- a B/Austria/1359417/2021 (B/Victoria lineage)-like virus.

Вакцини базирани на клеточна култура или рекомбинантна основа:

- an A/Wisconsin/67/2022 (H1N1)pdm09-like virus;
- an A/District of Columbia/27/2023 (H3N2)-like virus; и
- a B/Austria/1359417/2021 (B/Victoria lineage)-like virus.

За четиривалентните или рекомбинантните вакцини базирани на јајце или клеточни култури за употреба во сезоната на грип на северната хемисфера 2025/2026 година, СЗО препорачува вклучување на следната B/Yamagata lineage компонента:

a B/Phuket/3073/2013 (B/Yamagata lineage)-like virus.